


Електродистрибуција ДООЕЛ е компанија чија главна дејност е дистрибуција на електрична енергија во Република Северна Македонија. Компанијата е дел од EVN групацијата.

## КАРИЕРА ВО ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА

За потребите на оддел Мерење на мрежа во група Технологии за далечинска комуникација при мерење, бараме:

# ТЕХНИЧАРИ ЗА ДАЛЕЧИНСКА КОМУНИКАЦИЈА ПРИ МЕРЕЊЕ ВО СКОПЈЕ / ГОСТИВАР

**Краток опис:**

Сакаш да се приклучиш на нашата динамична екипа со иновативни технологии? Бараме ТЕХНИЧАР ЗА ДАЛЕЧИНСКА КОМУНИКАЦИЈА ПРИ МЕРЕЊЕ. Доколку сакате да работите во непосредна близина на вашето место на живеење (Скопје или Гостивар), да имате голема флексибилност за работа без секојдневно присуство во канцеларија и да работите на нови технологии за мерење на електрична енергија придружете се на нашиот тим .

**Работни задачи:**

- Поправка на комуникација кај броила со далечинска комуникација (GSM/GPRS и PLC броила)
- Монтирање на анализатори за PLC мрежа
- Откривање на извори на пречки/шумови во PLC мрежа
- Технички контроли на броила со далечинска комуникација
- Прием, обработка, чување и ажурирање на документација
- Откривање и пријавување на неправилности, поддршка на други групи и КЕЦ (по потреба)

**Потребни компетенции:**

- IV степен електротехничко образование – Енергетика
- Работно искуство најмалку 1 година во струката
- Работа на компјутер
- Возачка дозвола
- Одговорност, тимска работа, комуникативност, флексибилиност

Вашата биографија и мотивационо писмо можете да ги испратите на jobs@evn.mk (со назнака Скопје или Гостивар) или по пошта адресирано до Оддел за човечки ресурси и организација, најдоцна до **01.11.2024** година.
**Напомена**: Во согласност со законот за заштита на лични податоци со самото испраќање на Вашата апликација согласни сте вашите податоци да се чуваат , обработуваат и користат исклучиво за целите на регрутација и селекција. Повеќе информации околу Вашите права за обработка на податоците, како и за начинот на обработка на податоците можете да добиете на следниот линк https://www.evn.mk/TopMenu/Career.aspx .

Електродистрибуција е компанија која нуди еднакви можности и правичен третман при вработување на сите лица без оглед на нивната раса, пол, религија, национална припадност, вид на попреченост или политичка припадност.

ensure обезбедува encourage охрабрува enable овозможува